ЕСИ НЕЛИС

ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# ГЛАС БЕЗ БАРИЕРИ: АНАЛИЗА ЗА УЧЕСТВОТО НА СЛЕПИТЕ ЛИЦА ВО ИЗБОРИТЕ



Спроведено од International Foundation for Electoral Systems

октомври 2025

3 ВОВЕД

4 ЗА ОРГАНИЗАТОРИТЕ

5 ЗАКОНСКА РАМКА

8 МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

10 АНАЛИЗА СЛЕПИ ЛИЦА
- Демографски и географски податоци
- Наоди од истражувањето на испитаните слепи лица

22 АНАЛИЗА ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ
- Демографски и географски податоци
- Наоди од анализата на одговорите на личните асистенти

26 ПРЕПОРАКИ


ГЛАС БЕЗ БАРИЕРИ: АНАЛИЗА ЗА УЧЕСТВОТО НА СЛЕПИТЕ ЛИЦА ВО ИЗБОРИТЕ е анализа во рамките на швајцарскиот проект Програма за поддршка на изборите имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).
Содржината/мислењата/ на никаков начин не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Владата на Швајцарија и на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

# ВОВЕД

Во пресрет на претстојните локални избори во 2025 година, особено значајно е навремено да се обезбедат услови за еднакво учество на сите граѓани. Ова подразбира и преземање специфични мерки за лицата со попреченост, како дел од поширокатa заложба за фер и инклузивен изборен процес.

Во Северна Македонија лицата со попреченост имаат ограничено учество во политичкиот живот, што е последица на долготрајниот медицински пристап[1] кој ги третира како објект на грижа, наместо како рамноправни граѓани. Учеството во изборите претставува клучна можност за нивно политичко вклучување и остварување на граѓанските права. Иако процесот е исполнет со предизвици, токму преку изборите се отвораат и можности за надминување на бариерите и зајакнување на демократијата во корист на сите граѓани.

Според резултатите од Пописот на населението во Република Северна Македонија од 2021 година, во државата живеат 94.412 лица со попреченост. Од нив, 12.371 лице се со визуелна попреченост. Овие бројки јасно укажуваат на значителното присуство на оваа група во општеството и на неопходноста нивните потреби да бидат земени во предвид при организацијата на изборите
.
Токму овие два фактори, објавените локални избори 2025 и официјалните статистички податоци кои за прв пат се достапни за лицата со попреченост, беа поттик за спроведување на оваа Анализа.

Анализата е заснована врз одговорите на самите слепи лица и нивните лични асистенти, кои ги споделија своите искуства од учеството на парламентарните избори 2024 и на вториот круг од претседателските избори во мај 2024 година. Овие искуства овозможуваат директен увид во реалните бариери со кои се соочуваат овие лица, но истовремено ги осветлуваат и позитивните практики кои може да се надградуваат. Таквиот увид претставува драгоцен извор на информации што овозможува да се идентификуваат приоритетите за подобрување на изборниот процес, особено во пресрет на локалните избори во 2025 година.

Земајќи ги во предвид и забележаните ограничувања во методологијата и опфатот, анализата сепак претставува цврста основа за натамошна работа. Таа ја покажува двојната реалност: од една страна, потребата од посистематичен и поширок опфат за да се добијат подетални и поконзистентни податоци; од друга страна, јасно се гледа потенцијалот добиените резултати да се искористат како катализатор за позитивни промени. Наодите не се само академски придонес, туку имаат практична вредност – тие нудат аргументирана почетна точка за институциите и креаторите на политики, за граѓанските организации и за самата заедница на лицата со попреченост.

[1] Медицинскиот пристап ја гледа попреченоста како здравствен проблем што се третира преку дијагноза и терапија. Современиот пристап е инклузивен, насочен кон отстранување бариери и целосно учество во општеството вклучувајќи го и изборниот процес

Преку нив, сите засегнати страни добиваат конкретна основа за застапување и развој на политики и практики кои ќе овозможат пофер, поинклузивни и подемократски избори.

## ЗА ОРГАНИЗАТОРИТЕ

Анализата е резултат на заедничките напори на Здружението ЕСИ НЕЛИС и Програмата за поддршка на изборите, која е проект на Владата на Швајцарија имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Здружението ЕСИ НЕЛИС од Скопје постои од 2020 година и преку своите активности се залага за подобрување на квалитетот на животот на слепите лица и лицата со попреченост во Република Северна Македонија. Организацијата работи на проекти од различна природа, но главниот фокус го става на поддршка на лицата со попреченост преку едукативни курсеви и обуки за слепите лица и нивните лични асистенти, како и за персоналните асистенти за лична асистенција на лица со попреченост и со посебни потреби. Основните цели на здружението се: почитување на човековите права на лицата со попреченост, иницирање на подобрени законски решенија за поефикасна заштита, поттикнување на лицата со попреченост да се потпрат на сопствените сили и способности, промовирање на нивната автономност како корисници на услуги, како и обезбедување економска, социјална, здравствена и правна заштита, социјална правда и сигурност.

Програмата за поддршка на изборите е проект на Владата на Швајцарија имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).. Програмата има за цел да придонесе кон унапредување на изборните процеси преку зајакнување на институциите надлежни за спроведување избори, поддршка на транспарентноста и отчетноста, како и зголемување на вклученоста на граѓаните во изборниот процес. Особено внимание се посветува на прашањата поврзани со еднаквоста, инклузивноста и почитувањето на меѓународните стандарди за демократски избори, со цел да се обезбедат фер и доверливи избори во земјата.

# ЗАКОНСКА РАМКА

Правата на лицата со попреченост и нивното учество во изборните процеси се уредени во неколку важни законски акти :

o Устав на Република Северна Македонија кој ја обезбедува еднаквоста на сите граѓани пред законот и забранува дискриминација врз основа на попреченост при што правото на глас е уставно загарантирано право за сите полнолетни државјани.

o Изборниот законик е главниот закон кој го регулира изборниот процес[2]. Во него се предвидени следниве аспекти релевантни за лицата со попреченост:

- Право на лицата со попреченост да учествуваат на изборите под еднакви услови како и сите други граѓани.
- Можност за гласање со помош на друго лице по избор на гласачот, доколку тој не може самостојно да гласа.
- Обврска на избирачките одбори да овозможат услови за непречено остварување на правото на глас на лицата со попреченост.
- Обврска за приспособување на избирачките места во согласност со принципите на пристапност и недискриминација.

Подетално, горенаведените обврски и права се уредени преку различни членови на Изборниот законик прикажани во табелата подолу:

[2] https://drive.google.com/file/d/1yOTG7wVUyNoUk1_AkIYrNbD4gHQWzS5y/view

| Член на ИЗ | Содржина | Право/Обврска |
|---|---|---|
| Член 75 | Јавниот радиодифузен сервис и националните телевизии се обврзани да објавуваат изборни содржини достапни за лицата со попреченост (знаковен јазик, титлови, аудио опис). | Обврска за еднаков пристап до информации |
| Член 75-а | Известувањето за изборите мора да биде избалансирано и достапно во формат и јазик разбирлив за сите, вклучително и лица со попреченост. | Гаранција за еднаков третман и недискриминација |
| Член 111 | Гласањето е тајно, лично и се спроведува со обезбедени услови што гарантираат достапност и еднаквост за сите гласачи. | Основно право на еднакво учество на сите гласачи, вклучувајќи ги лицата со попреченост. |
| Член 112 | Гласач кој не може самостојно да гласа има право да побара помош од лице по свој избор; ако не поведе свое лице, Избирачкиот одбор назначува друго лице од редот на гласачите. | Право на гласање со асистенција. |
| Член 112-а | Избирачкиот одбор е должен да овозможи услови за гласање на лице со попреченост кое не може да влезе во избирачко место, согласно Упатството на Државната изборна комисија | Обврска на Избирачкиот одбор за овозможување услови. |
| Член 164 | При уредувањето и опремувањето на избирачките места мора да се обезбедат услови за нивна функционалност, безбедност и пристапност, особено за лицата со попреченост. | Обврска за пристапност и соодветно уредување на избирачките места. |
| Член 173-а | Институциите и телата кои поседуваат објекти каде што се сместени избирачки места се должни да ги приспособат за пристапност на сите категории лица со попреченост | Обврска за приспособување на избирачките места. |

Табела 1: Одредби од Изборниот законик релевантни за лицата со попреченост

Покрај Изборниот законик, Државната изборна комисија (ДИК) го уредува прашањето на гласањето на лицата со пореченост и преку деталните упатства како што се:

1. Упатство[3] за примена на член 112-а од Изборниот законик ја уредува постапката за гласање на лица со попреченост кои не можат самостојно да влезат во избирачкото место. Во такви случаи, Избирачкиот одбор е должен да обезбеди соодветни услови за пристап и остварување на правото на глас. Според ова упатство, на гласачите им е овозможено да гласаат со помош на придружник. При тоа, гласачот има право сам да избере лице кое ќе му асистира. Доколку гласачот дојде без придружник, Избирачкиот одбор назначува лице од редот на присутните гласачи кое ќе ја изврши оваа улога.

2. Упатство за гласање на слепи лица и лица со оштетен вид[4] каде што меѓу другото се уредува и употребата на шаблонот за гласање изработен со Браевата азбука (Брајов шаблон), а со цел слепото лице да гласа самостојно и тајно. Ова Упатство постои и во форма на аудио заппис[5] достапен на веб-страната на ДИК.

3. Според Упатството за пријавување на гласање на немоќни и болни лица[6], лицата со попреченост, вклучително и слепите лица и лицата со оштетен вид, имаат можност да го остварат своето избирачко право во домашни услови. Иако ова претставува олеснителна мерка за оние кои не можат да гласаат на избирачко место, тие формално се евидентираат како „немоќни и болни лица“, а не како гласачи со попреченост.

- Законот за социјалната заштита[7] во кој се дефинираат личните асистенти како сервис за поддршка што обезбедува еднаков пристап до услуги и права. Во контекст на изборите, улогата на личниот асистент е индиректно препознаена преку одредбата дека гласач со попреченост може да биде придружуван од друго лице по свој избор. Во практика, тоа често е личниот асистент. Со ова, личните асистенти претставуваат мост помеѓу законската гаранција на правото на глас и неговата практична примена.

- Законот за спречување и заштита од дискриминација[8], при што овој закон гарантира еднаквост и забрана за дискриминација врз основа на попреченост во сите сфери на општествениот живот, вклучително и во изборните процеси.

- На 5 декември 2011 година, Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, вклучувајќи го и член 29 кој се однесува на учеството во политичкиот и јавниот живот. Од тогаш, нашата држава презеде обврска да ги спроведува одредбите од Конвенцијата кои што ги обврзуваат државите:

---

[3] 2.-Упатство-за-примена-на-член-112-а-од-Изборниот-законик-за-лица-со-попреченост.pdf
[4] https://drive.google.com/file/d/1VHcN-trOh925Anc_n_M1PN4tCoCNl4HJ/view
[5] https://www.sec.mk/upatstvo-za-glasanje-na-slepi-lica-i-lica-so-oshteten-vid-2/
[6] 7.-Упатство-за-пријавување-и-гласање-на-немоќно-или-болно-лице.pdf
[7] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf
[8]https://mtsp.gov.mk/content/Закон%20за%20спречување%20и%20заштита%20од%20дискриминација.pdf

- Да обезбедат лицата со попреченост да можат ефективно и целосно да учествуваат во политичкиот и јавниот живот.
- Да гарантираат тајно гласање, пристапност на избирачките места и можност за користење на лични асистенти или помагала како Брајов шаблон.
- Да усвојат законски и практични мерки кои ќе ја олеснат независноста на лицата со попреченост при гласање.

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Анализата е изработена врз основа на квантитативни и квалитативни податоци собрани преку структурирани анкетни прашалници. Истражувањето има за цел да обезбеди систематски увид во искуствата на слепите лица и нивните лични асистенти во врска со остварувањето на гласачкото право и обезбедувањето на соодветна поддршка во изборниот процес.

Со истражувањето се опфатени две целни групи:

- Потполно слепи лица (понатаму во текстот „слепи лица“) т.е испитаници кои се регистрирани гласачи и ги исполнуваат условите и ги користат услугите за лична асистенција; и
- Лични асистенти: лица кои обезбедуваат поддршка на слепите лица во секојдневното функционирање, вклучително и при изборниот процес.

Анализата е извршена на добиени одговори од 252 испитаници слепи лица и 225 испитаници лични асистенти. Со истражувањето се опфатени вкупно 32 општини распределени во следните изборни единици:

| Изборна Единица | Број на општини | Општините |
|---|---|---|
| ИЕ 1 | 6 | Аеродром, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Студеничани |
| ИЕ 2 | 6 | Бутел, Чаир, Ѓорче Петров, Гази Баба, Арачиново, Куманово |
| ИЕ 3 | 5 | Свети Николе, Зрновци, Кочани, Чешиново-Облешево, Штип |
| ИЕ 4 | 7 | Богданци, Гевгелија, Дојран, Кавадарци, Кривогаштани, Неготино, Прилеп |
| ИЕ 5 | 5 | Битола, Кичево, Крушево, Охрид, Струга |
| ИЕ 6 | 3 | Брвеница ,Теарце, Тетово |

Табела 2: Општини опфатени во анализа според Изборна Единица

Во однос на користените инструменти и податоци за оваа анализа беа применети два анкетни прашалника.

Анкетен прашалник за слепи лица во кој се прибирани:

- Демографски податоци (пол, возраст, општина, етничка припадност).
- Познавање на Брајова азбука и користење на алтернативни форми за гласање.
- Прашања за учество на избори, место на гласање, потреба од поддршка и добиени услуги.

Анкетен прашалник наменет за лични асистенти. Преку него се прибрани податоците поврзани со:

- Демографски податоци (пол, возраст, општина, етничка припадност).
- Прашања за формално образование и обуки за изборен процес.
- Прашања за искуство со придружување на слепи лица при гласање.

Податоците се прибрани во текот на месец мај 2025 година преку теренски активности т.е. со  пополнување на прашалникот за слепи лица од страна на асистент и со директно пооплнување на прашалникот за асистенти од страна на ангажираните асистенти. Пополнувањето беше доброволно и анонимно, со обезбедена согласност од испитаниците. Исто така, соодветно е почитуван принципот на доверливост и заштита на личните податоци.

Обработката и анализата на податоците е направена така што податоците од прашалниците се внесени и обработени во MS Excel табели. За таа цел се користени дескриптивни статистики за опишување на одговорите. За полесно следење на наодите изработени се графички прикази (бар-графици) за визуелизација на резултатите. Дополнително, извршена е тематска анализа на отворените одговори за да се идентификуваат специфични предизвици и предлози за подобрување.

Ограничувањата на овој методолошкиот пристап се однесуваат на примерокот од 252[9] слепи лица во однос на 12.371 слепи лица[10] на државно ниво што носи маргина на грешка од околу ±6.1% (со 95% доверителен интервал). Истражувањето опфаќа само 32 општини, односно помалку од половина од сите во земјата, па резултатите не ја отсликуваат состојбата во останатите 48 општини. Ваквиот опфат ја ограничува можноста за подлабока анализа според возраст, пол, етничка припадност и други фактори, а малата бројка по општини не дозволува откривање на целосни локални специфики.

[9] Дел од учесниците не дале одговор на сите прашања

[10] Државен Завод за Статистика-Попис на население 2021 https://www.stat.gov.mk/Aktivnosti_en.aspx?rbra=320

## АНАЛИЗА: СЛЕПИ ЛИЦА

## ДЕМОГРАФСКИ И ГЕОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Анализата се темели на одговорите на 252 слепи лица, со јасно изразен родов и возрасен профил. Жените учествуваат со 103 испитанички, а мажите со 149 испитаници. Најголем дел од учесниците припаѓаат на возрасната група над 50 години (67%), што укажува на повисока застапеност на постарите генерации, додека младите до 29 години се застапени со само 6%. Етничкиот состав исто така ја отсликува разновидноста во земјата: најмногу испитаници се Македонци (180), следат Албанци (42) и Роми (17).




Графикон 1: Застапеност на учесниците по пол




Графикон 2: Застапеност на учесниците по возраст




Графикон 3: Застапеност на учесниците по етничка припадост

Географската распределба на учесници опфаќа 32 општини, со најголема застапеност во Кичево, Кочани и Прилеп.




Графикон 4: Број учесници по општина




Графикон 5: процент на учесници од Скопје и надвор од Скопје

Податоците покажуваат дека дури 92% од учесниците живеат во општини надвор од Скопје, што укажува дека Анализата ги обработува искуствата обликувани од условите во помалите и рурални средини. Овој резултат ја нагласува потребата за посебно внимание кон пристапноста и услугите надвор од главниот град, каде бариерите често се поизразени.

## НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ИСПИТАНИЦИ СЛЕПИ ЛИЦА

### Колку се познава Брајовото писмо?

Брајовото писмо претставува основен алат за писмена комуникација и пристап до информации кај лицата со оштетен вид. Неговата употреба е тесно поврзана со можноста за образование, вработување и активно учество во општествениот и политичкиот живот, вклучувајќи го тука и изборниот процес.

Иако образовниот систем нуди можности за изучување на Брајово писмо преку специјализирани институции и Центарот за образование и рехабилитација на лица со оштетен вид, сепак само дел од оваа популација активно го совладала и го користи во секојдневниот живот.

Со развојот на нови технологии  како што се звучни книги, читачи на екран и мобилни апликации и други алатки, се забележува тренд кон намалена секојдневна примена на Брајово писмо, иако неговата улога останува незаменлива во одредени сегменти. Особено значаен е придонесот во изборниот процес: уште од 2017 година ДИК обезбедува Брајови шаблони за гласачките ливчиња, со цел да се гарантира тајноста на гласот и еднаквоста на учество.




Графикон 6/7: број на учесници кои ја познаваат Брајовата азбука и според етничка припадност

Одговорите на испитаниците слепи лица ја потврдуваат загрижувачката перцепција за недоволно совладување на Брајовото писмо. Речиси 80% од нив воопшто не ја познаваат Брајовата азбука, податок што укажува дека мнозинството лица со оштетен вид се лишени од основната алатка за писменост, независност и пристап до информации. Ваквата состојба е особено изразена кај испитаниците од македонската и турската етничка заедница, што отвора прашања за нерамномерниот пристап до образование и ресурси. Ова не е само образовен предизвик, туку и сериозен демократски проблем: без активно владеење на Брајовото писмо, голем дел од заедницата е ограничен во можноста за еднакво учество во општеството и во изборниот процес.




| Возраст | Познавање на Брајова азбука Да | Не |
|---|---|---|
| 18 - 29 години | 5 | 9 |
| 30 - 49 години | 16 | 52 |
| 50 - 65 години | 21 | 58 |
| над 65 години | 7 | 82 |
| **Вкупно** | **49** | **201** |

Графикон 8/Табела 3: број на учесници кои ја познаваат Брајовата азбука во Скопје и надвор од Скопје и според возраст.

Анализата покажува јасни разлики во познавањето на Брајовото писмо според местото на живеење и возраста. Испитаниците од градот Скопје имаат за 30% повисоко ниво на познавање во споредба со оние од останатите општини, што укажува дека урбаната средина обезбедува поголем пристап до образование и ресурси. Слична слика се гледа и во генерациските јаз: младите до 29 години во поголема мера го потврдуваат познавањето на Брајовото писмо, додека најголемо непознавање е забележано кај лицата над 65 години.

Од вкупно 252 испитаници, само 12 изјавиле дека посетувале обука за гласање на слепи лица, при што сите овие обуки биле организирани од страна на невладини организации. Овој податок јасно укажува дека досегашните напори за едукација се спорадични, не ја опфаќаат пошироката заедница и во најголем дел зависат од иницијативите на граѓанскиот сектор. Недостатокот на институционална поддршка создава ризик голем дел од слепите лица да останат без потребното знаење и практични вештини за самостојно и тајно гласање. Поради тоа, неопходно е воспоставување на систематски пристап. ДИК, образовните институции, со вклученост на граѓанскиот сектор, треба да вложат натамошни напори во развивање и редовна имплементација на програми за обука генерално, но и со фокус на слепите лица во руралните средини и кај постарата популација. Само преку таква институционализирана соработка може да се обезбеди континуитет и поширок опфат на слепите лица во изборниот процес.

# Изборниот процес и оставување на правото на глас

Правото на глас претставува основа на демократијата, а учеството на слепите лица во изборите е клучно за нивната рамноправна застапеност во општеството. Со активно гласање, тие не само што го изразуваат сопствениот глас, туку придонесуваат и за поинклузивни и поправедни изборни процеси.

Силната свесност за значењето на активното учество во изборите се потврдува преку одговорите на слепите лица, односно дури 77% од испитаниците изјавиле дека гласале, без значајни разлики според пол или етничка припадност.




| Етничка припадност | Дали гласале на парламентарните избори во 2024 г.? Да | Не |
|---|---|---|
| Македонец/ка | 138 | 42 |
| Албанец/ка | 34 | 8 |
| Ром/ка | 13 | 4 |
| Турчин/ка | 6 | 1 |
| Влав/ка | 3 | 2 |
| Друго | 1 | |
| **Вкупно** | **195** | **57** |




Графикон 9/Табела 4/Графикон 10: број и процент на учесници кои гласале на парламентарните избори 2024, според етничка припадност и возраст.

Највисока излезност е забележана кај испитаниците на возраст од 50 до 65 години и повозрасните, што укажува дека зрелите генерации имаат поголема навика и чувство на одговорност кон изборниот процес. Ова, пак, ја отвора дилемата за пониската излезност кај помладите генерации, што може да сигнализира потреба од дополнителни напори за мотивација и едукација на младите слепи лица со цел да се зајакне нивното активно политичко учество.

Анализата на податоците поединечно за секоја од вклучените општини и за градот Скопје открива охрабрувачки резултати.Излезноста во општините надвор од Скопје е нешто повисока во споредба со оние што припаѓаат на главниот град. Ова укажува дека, и покрај помалата пристапност на информации и услуги во руралните и помалите средини, свесноста за важноста на гласањето и чувството на граѓанска должност се исклучително силни. Во исто време, пониската излезност во Скопје отвора прашања за тоа дали урбаната средина, со повеќе алтернативи и поинакви животни стилови, создава одредено ниво на апатија или намалена мотивација за активно учество во изборниот процес.




Графикон 11: број на учесници кои гласале на парламентарните избори 2024 според општина

На прашањето зошто не го оствариле своето право на глас, испитаниците најчесто како причини ги наведуваат сопствената попреченост, разочараноста во системот и недовербата кон политичките партии. Овие одговори укажуваат на двојна бариера, од една страна постојат реални физички и логистички пречки кои го отежнуваат гласањето, а од друга страна, недостигот на доверба во институциите и политичките субјекти создава чувство на исклученост и демотивација. Овој резултат ја истакнува потребата за двоен пристап: подобрување на пристапноста и практичната поддршка за лицата со попреченост при гласање, но и градење на доверба преку транспарентност, инклузивни политики и отворен дијалог со заедницата. Само со комбиниран одговор на овие предизвици може да се намали бројот на оние кои се откажуваат од своето изборно право.

## Каде гласаат слепите лица?

Како што е наведено во анализата на законската рамка, Изборниот законик овозможува гласањето на лицата со попреченост да се спроведе како на избирачкото место, така и во домашни услови, процедура која пред сѐ е наменета за болни и немоќни лица. Притоа, изборните органи не ги евидентираат слепите лица како посебна категорија, туку тие се вклучуваат во вкупната бројка на болни и немоќни лица. Овој начин на евиденција го оневозможува следењето на нивната реална излезност и учество во изборите, што е клучно за креирање соодветни политики и мерки. Обезбедувањето на точна статистика за бројот на слепи гласачи би претставувало значаен чекор кон поголема транспарентност и овозможување насочени активности за унапредување на нивната изборна инклузија.







Графикон 12/13: процент на учесници кои гласале на избирачко место или во домашни услови, според возраст

Податоците од анализата покажуваат дека дури 83% од испитаниците гласале на самото избирачко место, без забележителни разлики според пол или етничка припадност. Посебно интересен е возрастаниот аспект: изненадува фактот што дури две третини од лицата над 65 години успеале да гласаат директно на избирачкото место. Овој податок е значаен бидејќи укажува дека, и покрај зголемените здравствени и мобилни предизвици кај постарите лица, тие сепак ја покажуваат својата решителност и посветеност кон изборниот процес. Истовремено, ова отвора и прашања за тоа дали институциите обезбедуваат доволно поддршка за да се олесни учеството на оваа возрасна група и да се намалат потенцијалните бариери во претстојните локални избори во 2025 година.

Доколку го анализираме местото на гласање на слпите лица по општините, графиконот подолу покажува дека мнозинството слепи лица на парламентарните избори во 2024 година гласале на избирачко место, особено во Скопје каде речиси и да нема гласање во домашни услови. Надвор од главниот град, пак, дел од општините како Кичево, Кавадарци, Прилеп и Кочани имаат значителен број гласачи што гласале дома.

Како главни причини за гласањето дома испитаниците ги наведоа здравствената состојба и возраста, неможноста да гласаат со придружник, присуството на поголема приватност во домашни услови, како и лошата пристапност на самите избирачки места. Овие одговори укажуваат дека освен инфраструктурните пречки, постојат и бариери поврзани со транспорт или недостиг на личната поддршка.




Графикон 14: учесници кои гласале на избирачко место или во домашни услови, според општина

Овие податоци исто така покажуваат дека урбаните средини овозможуваат подобри услови за активно учество на избирачките места, додека руралните општини бараат дополнителна логистичка и институционална поддршка. За унапредување на состојбата потребно е систематско подобрување на пристапноста, обезбедување придружници и транспорт каде што е потребно, како и поедноставени процедури за гласање во домашни услови. На тој начин ќе се овозможи поголема еднаквост и независност во остварувањето на избирачкото право.

## На каков начин гласаат слепите лица кога се на избирачкото место?

Анализата на податоците покажува дека огромно мнозинство на испитаници слепи лица кои гласале на избирачко место, тоа го сториле со помош на друго лице (97%), додека само 3% користеле шаблон со Брајова азбука. Ова укажува дека и покрај постоењето на алатката која овозможува самостојно и тајно гласање, нејзината примена останува минимална.




Графикон 15: учесници кои гласале со помош на друго лице или користејќи шаблон и Брајова азбука

Во однос на полот, жените нешто почесто користеле Брајова азбука (5 жени) во споредба со мажите (1 маж). Ова може да се толкува како поголема подготвеност или интерес кај жените да ја искористат алатката за независно гласање, иако бројките се премногу мали за генерализација.




Графикон 16: учесници кои гласале со помош на друго лице или користејќи шаблон и Брајова азбука, според пол

Според возраста, најголема застапеност на гласање со Брајов шаблон има кај младите од 18-29 години, а следат тие на возраст од 30-49 години. Кај лицата над 50 години, каде бројот на гласачи е значително поголем, речиси сите се потпираат на помош од друго лице, што укажува дека со возраста се зголемува зависноста од придружници, а се намалува користењето на достапните технички решенија.

| Возраст | На кој начин гласале на избирачкото место? | |
|---|---|---|
| | Со помош на друго лице | Со шаблон и Брајева азбука |
| 18 - 29 години | 7 | 2 |
| 30 - 49 години | 51 | 3 |
| 50 - 65 години | 63 | |
| над 65 години | 61 | 1 |
| **Вкупно** | **182** | **6** |

Табела 5: учесници кои гласале со помош на друго лице или користејќи шаблон и Брајова азбука, според возраст

Од горенаведеното може да се заклучи дека иако Брајовата азбука претставува алатка за поголема самостојност и тајност на гласот кај слепите лица, таа во практика сè уште е маргинално користена. Важно е да се нагласи дека Брајот не е посебен јазик, туку универзален писмен систем кој може да се приспособи на сите јазици, вклучувајќи ги македонскиот и албанскиот, преку посебни кодирања за секоја азбука. Тоа значи дека со соодветна обука и стандарди, секој што знае Брај може да чита и пишува на различни јазици. Со систематска едукација, институционална поддршка и техничко унапредување, неговата примена може значително да се зголеми и да придонесе за повисоко ниво на изборна еднаквост.

## Кој ја дава поддшката при гласање на избирачките места?

Доколку ги анализираме испитаниците кои гласале на избирачкото место со помош на друго лице во однос на тоа кој се појавува во улогата на другото лице бројките укажуваат на следното:




Графикон 17: кој им помогнал на учесниците при гласање




Графикон 18: кој им помогнал на учесниците при гласање, според пол

При гласањето на избирачките места најголем дел од лицата со оштетен вид добиле поддршка од членови на семејството или роднини (68%). Ова укажува дека семејната мрежа останува главен извор на поддршка, што може да биде практично, но и ризично во однос на обезбедувањето целосна тајност и независност на гласот. Втор по големина извор на помош се личните асистенти (22%), што е позитивен сигнал дека услугата лична асистенција станува сè повеќе препознаена и користена. Меѓутоа, постојат и ситуации каде избирачкиот одбор определил лице за поддршка (7%) или помошта ја дал наредниот гласач (2%), што отвора прашања за соодветноста и тајноста на гласот при примената на ваквата практика и покрај тоа што е во согласност со упатството на ДИК.

Во однос на полот, бројките се слични и кај жените и кај мажите: и двете групи претежно се потпираат на членови од семејството, додека личните асистенти се застапени кај 20 жени и 23 мажи.

Може да се заклучи дека сегашната состојба покажува на висока зависност од семејството, но и потенцијал за поголемо користење на личните асистенти и на технички решенија за независно гласање. Унапредувањето на овие сегменти ќе придонесе кон послободен, потранспарентен и подостоинствен изборен процес за лицата со оштетен вид.

## Како до унапредување на на состојбите?

На прашањето како до подобрување на состојбите, слепи лица имаат низа конкретни барања и предлози за унапредување на изборниот процес и овозможување еднаков пристап при гласањето. Најчесто се споменува потребата од подобра пристапност на гласачките места, полесен физички пристап, тактилни патеки, посебен влез и слично. Голем дел од одговорите укажуваат и на важноста од овозможување гласање со личен асистент, со цел лицата да можат доверливо и достоинствено да го остварат своето право на глас.

Дополнително, повеќе испитаници сметаат дека Браевите шаблони не се доволно корисни, бидејќи голем дел од слепите лица не ја познаваат Браевата азбука. Во таа насока, наместо само подобрување на самите шаблони, тие укажуваат на потребата од двоен пристап: од една страна, систематска едукација и обуки за користење на Браевата азбука, а од друга страна, техничко усовршување на шаблоните - да бидат појасни, подебели и со јасно обележани информации.

Други истакнати забелешки се однесуваат на потребата од поголема обука и информираност и за членовите на избирачките одбори и за самите гласачи, како и создавање законски решенија кои ќе обезбедат повеќе придобивки за лицата со попреченост. Се предлага и зголемена улога на институциите во креирањето услови за достапно гласање, како и обезбедување на повеќе права и грижа за оваа категорија граѓани. Дел од испитаниците бараат и можност за гласање во домашни услови, како решение кое обезбедува приватност и полесно остварување на правото на глас.

Заклучокот од овие одговори е дека за да се подобри изборното искуство на слепите лица, потребен е интегриран пристап кој ќе ги комбинира инфраструктурните решенија (пристапност и шаблони), институционалните мерки (обука, закони, поддршка на лични асистенти) и индивидуалната автономија (можност за избор помеѓу гласање на избирачко место или во домашни услови). На тој начин, ќе се овозможи изборниот процес да биде подостапен, подостоинствен и навистина еднаков за сите.

## АНАЛИЗА: ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ

Личните асистенти претставуваат форма на поддршка која е уредена во рамките на Законот за социјална заштита и подзаконските акти поврзани со услугите за лица со попреченост. Во Република Северна Македонија, оваа услуга за прв пат е воведена со реформите во системот на социјална заштита во 2019 година, кога државата започна институционално да ја препознава улогата на личните асистенти како средство за зголемување на самостојноста и инклузијата на лицата со попреченост.

Функцијата на личниот асистент е да обезбеди практична помош во секојдневното функционирање, како што се движење, комуникација и пристап до јавни услуги, но при тоа секогаш под раководство и избор на самото лице. Во контекст на изборниот процес, личните асистенти може да имаат особено значајна улога: тие можат да придружуваат слепи лица до избирачкото место, да им помогнат при ориентација во просторот, да ги информираат за техничкиот изглед на гласачкото ливче и на Брајовиот шаблон, како и да обезбедат дискретна поддршка за лицето да може да гласа самостојно и тајно.

## ДЕМОГРАФСКИ И ГЕОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Анализата се темели на одговорите на 225 лични асистенти при што жените учествуваат со 149 испитанички, а мажите со 76 испитаници. Најголем дел од учесниците припаѓаат на возрасната група од 30 до 49 години, додека младите до 29 години и тие со возраст од 50 години и повеќе се застапени скоро во иста мера (25% и 23%). Етничкиот состав исто така ја отсликува разновидноста во земјата: најмногу испитаници се Македонци (75%), следат Албанци (17%), Роми (4%) и други.




Графикон 19: Застапеност на учесниците по пол




Графикон 20: Застапеност на учесниците по возраст




Графикон 21: Застапеност на учесниците по етничка припадност

Географската распределба на испитаниците опфаќа 37 општини, со најголема застапеност во Кичево, Штип и Кочани.




Графикон 22: Број учесници по општина




Графикон 23: процент на учесници од Скопје и надвор од Скопје

Само 9% од личните асистенти на слепите лица се во Скопје, додека 91% се надвор од главниот град. Ова укажува дека најголем дел од поддршката се обезбедува во помалите општини и руралните средини, каде што недостигот на институционални услуги ја зголемува потребата од лични асистенти.

## Личните асистенти како составен дел на изборните органи

Од вкупно 225 анкетирани лични асистенти, 47 од нив, односно околу 21%, изјавиле дека биле членови на изборни органи. Овој податок е значаен бидејќи укажува дека дел од асистентите имаат директно искуство со изборниот процес и процедурите за спроведување на гласањето, што може да ја зголеми нивната компетентност и сигурност при поддршка на слепите лица. Таквото искуство им овозможува подобро да ги информираат и насочуваат лицата со попреченост, да помогнат во совладување на потенцијалните бариери и да го намалат стравот од самата процедура. Сепак, ова истовремено отвора прашање за потребата од јасни протоколи кои ќе гарантираат непристрасност и заштита на тајноста на гласот, за да се избегне било какво влијание врз изборната одлука. Дополнително, останатите 79% од личните асистенти кои немаат вакво искуство со изборни процеси имаат потреба од целни обуки и насоки, за да се изедначи нивото на знаење и сите да можат да обезбедат соодветна, сигурна и професионална поддршка на слепите лица при остварувањето на правото на глас.

## Потреба од специјализирани обуки

Од 225 анкетирани лични асистенти, дури 92 сметаат дека нема потреба од обука за претстојните локални избори во 2025 година, што укажува на погрешна перцепција за нивната улога и за сложеноста на изборниот процес. Само 16 лица имаат поминато формална обука, и тоа исклучиво од еден организатор, што дополнително ја истакнува ограниченоста на постојната понуда и зависноста од единствен извор. Иако 47 асистенти веќе придружувале слепо лице на гласање, нивното практично искуство често не е поткрепено со стандардизирани знаења и упатства, што создава ризик од неконзистентна и несоодветна поддршка. Недостатокот на свесност за тоа дека обуката е неопходна, а не факултативна, укажува на потребата од институционализиран и систематски пристап за градење на капацитетите.

Во услови кога личните асистенти се клучен мост за самостојно и тајно гласање, ваквата недоволна обученост претставува сериозен предизвик за изборниот процес. За да се надмине овој проблем, неопходно е зголемување и диверзификација на понудата за обуки, со активно вклучување на ДИК, образовните установи и граѓанските организации. Преку редовни и стандардизирани тренинзи може да се обезбеди поширока покриеност низ целата земја и изедначено ниво на компетентност кај сите асистенти. На тој начин, и оние кои веќе имаат практично искуство и оние кои допрва ќе се соочат со оваа улога, ќе располагаат со соодветни знаења и алатки за професионално и непристрасно извршување на своите обврски, придонесувајќи кон поголема инклузија и рамноправно учество на слепите лица во изборниот процес.

## ПРЕПОРАКИ

Голем дел од препорките се дадени во соодветните делови во текстот на анализата но поради подобра прегледност ги повторуваме тука групирани во зависност од тоа на кого се наменети.

**Изборните органи**

- Да се воведе посебна статистичка евиденција во образецот 16 за сумирање на резултатите од гласањето, при што во категорија на болни и немоќни лица кои гласале во домашни услови да се води евиденција и за слепи лица, а со цел на планирање на мерките за поддршка како и за следење на излезноста. Ова препорака би можела да се примени преку фазен пристап при што би се тестирала само во неколку изборни единици.

- Да се пропишат обврзувачки минимални стандарди: секое избирачко место да располага, јасно да експонира и да води запис за Брајови шаблони.

- Да се инвестира во техничко усовршување на Брајовите шаблони т.е.подебели линии, појасни симболи и двојазична поддршка.

- Да се вградат задолжителни микро-обуки, или да се даде посебен фокус во постоечката обука за избирачките одбори за работа со слепи лица и стандардизирани протоколи за асистенција (заштита на тајност/ непристрасност; кратки јавно достапни упатства, вклучително и аудио, пред избори).

- Да се воведат предизборни проверки на пристапност (чек-листа и записник) со корективни рокови пред денот на гласање, како и надзор и соодветни санкции за локалните самоуправи за непочитување на пропишаните страндарди за пристапност.

**Министерство за образование и наука-Едукација и јакнење на свеста**

- Да се воведе систематска едукација за Брајово писмо во редовното и неформалното образование, со фокус на младите и на руралните средини.

- Да се комбинира едукацијата за Брајово писмо со дигитални технологии (читачи на екран, мобилни апликации), за да се зголеми мотивацијата и пристапот.

- За гласачите кои гласат за прв пат и во соработка со ДИК, да се промовира користењето на Брајовите шаблони преку јавни кампањи и практични демонстрации во периодот помеѓу изборите и непосредно пред изборите.

**Личните асистенти и поддршка при гласање**

- Да се обезбеди задолжителна обука за личните асистенти за изборниот процес, организирана од ДИК во соработка со образовни институции и граѓански организации.

- Да се диверзифицира понудата на обуки (да не зависи од еден организатор), со цел поширока покриеност низ сите региони.

- Да се изработат протоколи за непристрасност и заштита на тајноста на гласот при асистенција.

- Да се воспостави регистар на обучени лични асистенти кои можат да бидат ангажирани за време на изборите.

**Вклученост и доверба во изборниот процес-ДИК и граѓанскиот сектор**

- Да се спроведат целни информативни кампањи за слепите лица (и нивните семејства) за нивните изборни права и достапните алатки.

- Да се мотивира учеството на младите слепи лица преку специјализирани програми за граѓанска едукација и вклучување во демократските процеси.

- Да се гради доверба преку транспарентни и отворени комуникации со заедницата, со редовни консултации и повратни информации за изборните подготовки.